aci.health.nsw.gov.au

Кажете го мислењето за добиената грижа

Пријавени мислења на пациентите

Нашата цел е да ви ја обезбедиме најдобрата можна нега. Вашето мислење ќе ни помогне да ги подобриме услугите. Оваа информација е за лица кои беа поканети да учествуваат во Програмата за пријавени мислења на пациентите (Patient Reported Measures Program).

Можеби ќе бидете замолени да исполнете една или повеќе кратки анкети за вашето здравје и за искуството кога ја добивте негата. Овие анкети се дел од Програмата за пријавени мислења на пациентите (ПМП).

Видови на анкети

Во Програмата ПМП вклучени се два видови на анкети:

- Пријавени мислења на пациентите за резултатите, т.н. ПМП
- Пријавени мислења на пациентите за нивното искуство или т.н. ПМПИ.

Кога ги доставувате информациите за вашата здравствена состојба и добросостојба (PROMs survey), таа анкета ја споделувате со вашиот Здравствен работник.

Вашите одговори ќе им помогнат на здравствените работници подобро да сфатат што е за вас најважно. Информациите кои ги споделувате во анкетата ќе бидат корисни да започнете разговор за проблемите кои ве мачат и за тоа како вашето општо здравје се одразува врз разни делови на вашиот живот.

Ако ја исполнете анкетата за вашето искуство за негата што ја добивте (ПМПИ - PREMs survey), вашето мислење ќе остане анонимно. Со ПМПИ ни се олеснува да се здобиеме со вредни информации за тоа каде сме успешни и каде треба да се подобриме.

Со ова мислење ќе помогнете да се подобрат услугите за здравство во НЈВ.

Како да ја исполнам анкетата?

За праќање и чување на анкетите користиме т.н. HOPE (Health Outcomes and Patient Experience). Можете да ја исполните анкетата за време на посетата, болничкиот престој или дома.

1. **Ако сте согласни за учество во Програмата ПМП од вашиот дом, ќе добиете е-маил или текст порака од HOPE.**
2. **За да се приклучите до HOPE употребете го овој линк.**
3. **Ако ја исполнувате анкетата од дома, ќе ве запрашат за вашиот идентитет од Service NSW. Ако не сте регистрирани, ќе ви се предложи да се регистрирате.**

   Service NSW
4. **Ќе ве замолат еднаш да го потпишете формуларот за дозвола ако тоа веќе не сте го направиле.**
5. **Сега ќе можете да влезете во системот HOPE за да ја одговорете вашата анкета/анкети.**
6. **Откако ќе ги одговорите сите прашања, доставете ја анкетата.**

SUBMIT

NSW GOVERNMENT | AGENCY FOR CLINICAL INNOVATION

SHPN (ACI) 210527-7 | STREAM 2HACI129 | 2291 [10/21]

Кажете го мислењето за добиената грижа

Пријавени мислења на пациентите

Колку време треба за анкетите?

Анкетите се кратки и на повеќето луѓе им треба кратко време да одговорат на прашањата.

Ако ви треба помош во исполнувањето на анкетите или повеќе информации разговарајте со еден од членовите на персоналот.

Собирање на информации за Вашето здравство

Одговорите на вашата анкета можат да содржат лични информации.

Ние се придржуваме кон стриктни владини стандарди за одржување на приватност во рамките на законите на НЈВ вклучувајќи го Законот од 2002 год. за чување на приватноста на вашето здравствено досие (Health Records and Information Privacy Act 2002) при процесот на собирање, користење и давање на здравствени информации.

Ние ги собираме здравствените информации директно од вас, кога тоа е можно. Ако е погодно тогаш можеби ќе ја побараме вашата дозвола да собираме здравствени информации од вашиот старател или од лице кое може да ве застапува.

За повеќе информации за тоа како NSW Health собира, користи и дава здравствени информации, ве замолуваме да посетите:

health.nsw.gov.au/patients/privacy

Каде ќе добијам повеќе информации?

За повеќе информации или помош во исполнувањето на анкетите разговарајте со вашиот здравствен работник или со скенирање на QR кодот за да ја посетите нашата веб-страница.

aci.health.nsw.gov.au/make-it-happen/prms

© State of New South Wales (Agency for Clinical Innovation) 2021.
Creative Commons Attribution-NoDerivatives 4.0 licence.
For current information go to: aci.health.nsw.gov.au
The ACI logo is excluded from the Creative Commons licence and may only be used with express permission.

SHPN (ACI) 210527-7 | STREAM 2HACI129 | 2291 [10/21]